**2022**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР ЗА 2022 ГОДИНА

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година е изготвен во согласност со член 109 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20) и истиот Агенцијата го доставува на одобрување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година.

Содржина........................................................................................................................ 2

Вовед

1. Основање и надлежности на Агенцијата ................................................................ 5

2. Работа на Агенцијата ................................................................................................ 7

2.1. Органи на Агенцијата .......................................................................................... 7

2.2. Финансирање ........................................................................................................ 8

3. Извештај за извршени активности на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2022 година ......................................................................................................8

3.1. Дозволи за вршење јавен железнички превоз, превоз за сопствени потреби и управување со железничката инфраструктура ........................................................... 8

3.1.1.Упис во Регистарот на дозволи за вршење јавен железнички превоз издадени од надлежни органи на земји членки на Европската унија.............................................9

3.2. Жалба на железничкиот превозник по актите донесени од управителот на железничка инфраструктура........................................................................................9

3.3.Соработка со државни органи и институции..........................................................9

3.4. Меѓународна соработка..........................................................................................14

4. Контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и права на патниците и услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници ............................................ 16

4.1 .Анкета за почитување на правата на патниците во превоз со железница .....................21

5.Извештај за состојбата на пазарот на железнички услуги во Република Македонија за 2022 година.........................................................................................................................29

5.1.Состојба на пазарот на железничкиот товарен сообраќај.......................................29

5.2 Состојба на пазарот на железничкиот патнички сообраќај.....................................32

6. Извештај за финансискиот план и финансиски извештај за 2022 година на Агенцијата ..... 35

6.1.Реализирани приходи................................................................................................ 36

6.2. Реализирани расходи.................................................................................................37

6.3.Остварен вишок на приходи..........................................................................................40

**Вовед**

Железницата претставува значаен глобален сегмент во транспортниот систем на Европа со реални перспективи за поврзување и проширување кон Азија. Фокусот на интересирање кај стопанството, финансиските и политичките структури за железничкиот патнички и товарен сообраќај е се поизразен. Целта е овој важен сектор да се постави на нови основи во насока на зголемување на неговата конкурентност и профитабилност на глобален план.

Дерегулацијата на повеќе од еден век постоечката поставеност на железницата во Европа и целосната реформа, ја иницира и ја води Европската Унија преку своите тела и органи. Законската основа за сите промени во железниците во Европа е дефинирана во директивите и регулативите на Европската Унија. Тие се насочени кон остварување на основната цел: економичен, конкурентен, ефикасен и профитабилен железнички сообраќај.

Согласно европските директиви и регулативи инфраструктурата е независна и одвоена од железничкиот транспорт.

Железничката инфраструктура на Република Северна Македонија како јавно добро од општ интерес е одвоена од железничкиот транспорт и во новите услови треба да е достапна за сите оние оператори, односно железничките транспортни компании кои ги исполнуваат условите за вршење на транспортна дејност во превозот со железници.

Предностите на овој вид сообраќај од аспект на економска ефикасност (евро/тон/км и евро/патник/км) и од аспект на еколошка прифатливост (особено за градски и приградски средини) ги насочуваат развојните текови на копнениот транспорт се повеќе кон железниците.

Република Северна Македонија е значајна точка - крстосница каде се вкрстуваат два меѓународни коридори:

- Коридор X : од Салцбург во Австрија до Солун во Грција.
- Коридор Xd : кој е разгранок на Коридорот X и започнува во Велес, Битола и завршува во Солун во Грција.
- Коридорот VIII од Драч во Албанија преку Република Северна Македонија до Бургас и Варна во Бугарија, кој што е во фаза на изградба.

**Слика 1 - Мрежа на железничката инфраструктура на Република Северна Македонија**




Железничката мрежа се состои од четири главни линии со вкупна должина од 699 км единечен колосек од кои само пругата по Коридорот X од Табановци до Гевгелија во должина од 215 км е електрифицирана. Најфреквентен е Коридорот X на кој што се одвива најголем дел од железничкиот сообраќај т.е. целиот транзитен сообраќај.

Од аспект на состојба на пазарот на железнички услуги, со трансформацијата на Македонски железници во 2007 година, во Република Северна Македонија постојат две железнички автономни компании - Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, како управител на железничката инфраструктура и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, како единствен железнички превозник.

## 1. Основање и надлежности на Агенцијата

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е основана како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања утврдени во Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија” бр. 48/2010; со понатамошните измени и дополнувања). Агенцијата се стекна со статус на правно лице и започна со работа на 27.02.2009 година.

Нејзините надлежности се пропишани со Законот за железничкиот систем и за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Основната задача на Агенцијата е обезбедување транспарентно и недискриминирачко работење на телата и институциите поврзани со работењето на железницата, како и другите учесници кои обезбедуваат услуги во железничкиот јавен превоз и функционирање на железничкиот сектор во Република Северна Македонија согласно законските надлежности.

Агенцијата континуирано соработува и разменува информации за својата работа и практики со регулаторните тела за железници на државите членки на ЕУ и на регулаторните тела во државите од регионот, како и со други државните тела и органи одговорни за хармонизација на националната регулатива со регулативата на Европската Унија.

Согласно член 97 од Законот за железничкиот систем, за остварување на надлежностите од својот делокруг, Агенцијата е надлежна:

- За дефинирање и контрола над критериумите за квалитет на железничките услуги дадени од превозниците и управителите на инфраструктура
- Да врши мониторинг за почитување на правата на патниците
- Да обезбеди дека надоместокот за пристап до инфраструктурата утврден од управителот на инфраструктурата е недискриминаторски, согласно Законот за железничкиот систем;
- Да презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско однесување на управителот на инфраструктурата и секој превозник или барател за доделување на инфраструктурен капацитет;
- Да презема мерки за спречување на неправично и дискриминаторско однесување меѓу два или повеќе превозника при давањето на услуги во железничкиот превоз;
- Да презема мерки при неправично и дискриминаторско применување на објавата на мрежа и рамковните договори;
- За одобрување на наплата на надоместок во случај на заситена инфраструктура, ако планот за капацитети не може да се реализира или понудените решенија се неекономични и финансиски неисплатливи;

- За контрола на пристап и користење на објекти и стабилни постројки со кои не управува управителот на инфраструктурата, а кои се регулираат со договор меѓу давател на услуга и еден или повеќе превозници;
- Да издава дозволи за вршење јавен железнички превоз согласно со членот 16 од Законот за железничкиот систем;
- Да издава дозволи за вршење превоз за сопствени потреби, согласно со членот 20 од Законот за железничкиот систем;
- Да издава дозволи за управување со железничката инфраструктура, согласно со членот 21 од Законот за железничкиот систем;
- Да донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на Законот;
- Да води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите на Законот за железничкиот систем и Законот за општата управна постапка;
- Да дава мислење и учествува при подготовка на закони, прописи и други акти што се однесуваат на железничките услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Северна Македонија кон меѓународни договори од областа на железниците;
- Да води регистар за издадени, поништени, повлечени дозволи за вршење на јавен железнички превоз издадени на превозник и дозволи за управување со железничка инфраструктура издадени на управител на инфраструктура;
- Да го набљудува железничкиот пазар со цел да ја анализира конкуренцијата меѓу различните видови превоз и
- Да врши мониторинг на конкуренцијата на пазарот на железнички услуги, вклучувајќи го и пазарот за превоз на стока по железница.

Агенцијата одлучува во жалбена постапка по поднесена жалба од страна на барател, доколку истиот смета дека бил неправично третиран, дискриминиран или на некој начин оштетен и не се согласува со одлуката донесена од управителот на инфраструктурата, а во врска со:

- објавата на мрежа,
- критериумите содржани во објавата на мрежа, процесот за доделување на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати,
- планот за наплата,
- висината или структурата на надоместокот за пристап до железничката инфраструктура и
- договорите за пристап согласно член 65 од Законот за железничкиот систем.


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

## 2. Работа на Агенцијата

Работата на Агенцијата е јавна при што основни принципи се: законитост, стручност, професионалност, транспарентност и одговорност во работењето.

### 2.1. Органи на Агенцијата

Органи на Агенцијата се Управен одбор и Директор на Агенцијата.

**Управен одбор**, составен од три члена, од кои еден е претседател на Управниот одбор. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, со мандат од четири години, со можност за уште еден мандат. Управниот одбор се конституираше на ден 25.08.2021 година во комплетен состав од претседател и членови.

Управниот одбор одлучува на седници кои ги свикува претседателот на Управниот одбор. Седниците се јавни, но по исклучок, Управниот одбор може да одлучи дали седницата или расправата по некоја точка ќе биде затворена за јавноста. Седниците на Управниот одбор може да се одржат и со видео конференциска врска, при што сите учесници на така организираните седници да можат да се слушаат или гледаат и да разговараат меѓусебно. Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

**Директор на Агенцијата**, кој раководи со работата на Агенцијата и е одговорен за законското работење на Агенцијата. Директорот е именуван од страна на Управниот одбор по пат на јавен оглас, со мандат од четири години и можност за уште еден мандат.

На ден 17.05.2022 година за директор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, со мандат од четири години, од страна на Управниот одбор е именуван г-дин Боре Еркечов.

Организационите единици за вршење на стручните работи за потребите на Агенцијата се:

1) Сектор за железнички сообраќај,
2) Сектор за железничка инфраструктура,
3) Сектор за правни, административни и општи работи, и
4) Сектор за финансиски прашања и сметководство.

Агенцијата во моментот брои 3 вработени.

### 2.2. Финансирање

Средствата за работа на Агенцијата согласно закон се обезбедуваат од наплата на годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги, и тоа 1,5% од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура, од кои 30% се наплаќаат од управителот на инфраструктурата, односно Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, и 70% од железничкиот превозник, односно Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Агенцијата има своја сметка и работи со неа. Финансиското работење на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е во согласност со одредбите содржани во Законот за сметководство на непрофитни организации и други акти кои се однесуваат на непрофитни правни лица, позитивните прописи кои го регулираат финансиското работење на органите со јавни овластувања, како и останатите позитивни правни прописи во Република Северна Македонија.

## 3. Извештај за активностите на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во 2022 година

### 3.1. Дозвола за вршење на јавен железнички превоз, дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и дозвола за управување со железничката инфраструктура

Согласно член 15 од Законот за железничкиот систем, јавниот превоз на патници и/или стока железничкиот превозник го врши врз основа на дозвола за вршење на јавен железнички превоз и сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз. Дозволата за вршење на јавен железнички превоз ја издава Агенцијата.

Согласно член 20 од Законот за железничкиот систем, правно или физичко лице кои врши превоз за сопствени потреби треба да има дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и сертификат за сигурност за вршење на превоз за сопствени потреби. Дозволата за вршење на превоз за сопствени потреби ја издава Агенцијата.

Согласно член 21 од Законот за железничкиот систем, за управување со железничката инфраструктура управителот на инфраструктура мора да има дозвола за управување со железничка инфраструктура и одобрение за сигурност за управување со железничката инфраструктура. Дозволата за управување со железничка инфраструктура ја издава Агенцијата.

Во текот на 2022 година до Агенцијата не беше поднесено барање за издавање на дозвола за вршење на јавен железнички превоз, дозвола за вршење на превоз за сопствени потреби и дозвола за управување со железничката инфраструктура.

### 3.1.1. Упис во Регистарот на дозволи за вршење јавен железнички превоз издадени од надлежни органи на земји членки на Европската унија

Согласно член 18 од Законот за железничкиот систем, на територијата на Република Северна Македонија се признаваат дозволите издадени на превозници од надлежни органи на други држави во согласност со законодавството на Европската унија, а Агенцијата ги потврдува истите.

Во 2022 година до Агенцијата не беше поднесено барање за потврдување на дозвола издадена на превозник од надлежен орган на друга држава во согласност со законодавството на Европската унија.

### 3.2. Жалба на железничкиот превозник по актите донесени од управителот на Инфраструктура

Согласно член 99 од Законот за железничкиот систем железничкиот превозник има право да поднесе жалба до Агенцијата, ако смета дека бил неправично третиран, дискриминиран или е на некој начин оштетен и не се согласува со одлуката донесена од управителот на инфраструктура, а во врска со:

- објавата на мрежа,
- критериумите содржани во објавата на мрежа,
- процесот за доделување на инфраструктурните капацитети и постигнатите резултати,
- планот за наплата,
- висината или структурата на надоместокот за пристап до инфраструктурата кој се плаќа или траба да се плати и
- договорите за пристап.

Во текот на 2022 година до Агенцијата не беше поднесена жалба од страна на железничкиот превозник.

### 3.3. Соработка со национални државни органи, организации и институции

Во текот на 2022 година Агенцијата ја оствари следнава соработка:

- Агенцијата до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на ден 04.01.2022 година достави Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за календарската 2021 година.

- Агенцијата преку пописна комисија во јануари 2022 година изврши редовен попис на материјалните и нематеријалните средства, паричните средства, побарувањата и обврските на Агенцијата за 2021 година, со состојба на ден 31.12.2021 година.

Од извршениот попис се изготвија пописни листи за материјалните и нематеријалните средства, ситниот инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2021 година. Комисијата работеше во полн состав, работата се одвиваше во нормални услови и не беа пронајдени никакви неправилности.

- Агенцијата до железничките компании достави Барање за достава на извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Македонија за 2021 година и извештај за основни критериуми за контрола на квалитетот на услугите во превозот на патници со железница. Железничките компании ги доставија бараните податоци до Агенцијата и истите да беа вклучени во Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година.

- Агенцијата до управителот на инфраструктура достави Барање за годишно остварениот приход од надоместок за користење на железничката инфраструктура за 2021 година, и тоа за минималниот пакет на услуги и пристапот по пруга до услужни објекти.
  Врз основа на доставената информација Агенцијата ја утврди Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги која се наплатува од управителот на инфраструктурата, односно Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, и од железничкиот превозник, односно Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, и на ден 23.02.2022 година до железничките компании достави Решенија за Годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2022 година.

- Агенцијата Годишната сметка за 2021 година на Агенцијата ја достави до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија на ден 24.02.2022 година, согласно Законот за сметководство на непрофитни организации.

- Претставници на Агенцијата на ден 15.03.2022 година учествуваа на подготвителниот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој.

- Претставници на Агенцијата на ден 17.03.2022 година учествуваа на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој.

- Претставници на Агенцијата на ден 18.03.2022 година присуствуваа на Проектот за Поддршка за развој на Северна Македонија 2022 – 2042, Национална развојна Стратегија – Фаза 2, Инфраструктура (Транспортна инфраструктура, управување со води и инфраструктура за води, информациски и комуникациски технологии и широкопојасна инфраструктура, просторно планирање).

- Агенцијата на ден 28.03.2022 година, со цел запазување на законскиот рок од член 109 став (4) од Законот за железничкиот систем, до Собранието на Република Северна Македонија го достави на Годишниот извештај за работа за 2021 година на Агенцијата, усвоен од Управниот одбор на Агенцијата.

- Претставници на Агенцијата на ден 30.03.2022 година учествуваа на Конференцијата „Инфраструктурата го поттикнува развојот и ја поддржува климатската акција“.

- Претставници на Агенцијата се состанаа со Емилија Ѓоргичкова, локалниот експерт на Транспортната заедница на Европа – TODIS, а во врска со воспоставувањето на информациониот систем на Транспортната заедница на Европа - TODIS (Transport Observatory Database/Information system).

- На ден 19.05.2022 година до Министерството за транспорт, врски и екологија, Министерството за информатичко општество и администрација и Заменикот на Претседателот на Владата за европски прашања, во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 8 март 2022 година, со кој Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на активностите во рамките на ИПА 2017 проектот „Подршка на државната реоргнаијација“ и го усвои Интегралниот Извештај за државна реорганизација, Агенцијата достави мислење врз основа на аргументирани податоци, односно:
Агенцијата, меѓу другото, истакна дека е основана од страна на Собранието на Република Северна Македонија во 2009 година со единствена цел да ги креира правилата што ќе имаат круцијално влијание во железничката област, во насока на потврда на нејзината фунционалност, при што ги информира надлежните институии за неколку факти кои одат во прилог на тоа дека треба да се отфрлат препораките за реорганизација на Агенцијата.
Агенцијата го изрази својот став дека не се согласува со предложените промени кои се однесуваат на нејзината реорганизација, односно не се согласува со предлогот за спојување на помалите и поголемите регулаторни тела, во нејзиниот случај во Економски регулатор, и одземањето на самостојноста и дел од надлежностите од причина што истите не се во согласност со преземените меѓународни стандарди и препорачани практики од областа на железниците, како и препораките на Европската Комисија и меѓународните организации од областа на железниците.

  Предлогот за спојување на помалите и поголемите регулаторни тела во Економски регулатор во основа се темели само на генералната теза за нефункционалност, без потребната вредносна анализа, оттука Агенцијата не би се сложила со препораките кои не се поткрепени со аргументирана анализа и персонализирана со докази за поединечните трошења на секој од инволвираните субјекти споредено со придонесот за пазарите кои ги регулираат.

Агенцијата навремено и нужно достави свое мислење со цел да превенира состојба констатирани „неефикасности на помалите регулаторни тела" наведени во Извештајот кои се спротивни на ефикасното, ефективното и функционално работење на Агенција.

Воедно, Агенцијата оправдано побара задржување на статусот како самостојно и непрофитно правно лице кое врши јавни овластувања во согласност со Закон за железничкиот систем.

Агенцијата ги замоли надлежните институции да согласно точка 3 од Изводокот на Нацрт-записникот од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 8 март 2022 година да доставаат информација до Владата во која ќе се содржат претходно образложените аргументи за неприфаќање на препораките од Интегралниот Извештај кои се однесуваат на Агенцијата.

- Агенцијата на ден 26.05.2022 година до Министерството за транспорт и врски достави мислење за Информацијата за реализација на мерките од Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта и Акцискиот план за безбедност на патиштата усвоени од Владата на Република Северна Македонија и Министерскиот Совет на Транспортната заедница.

- ЖРСМ Транспорт АД Скопје до Агенцијата на ден 17.06.2022 година достави Полиса за осигурување од општа одговорност и Полиса за задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последици на несреќен случај (незгода). Агенцијата при извршениот увид во документацијата утврди дека ЖРСМ Транспорт АД Скопје ги достави потребните документи согласно членот 16 став (1) алинеа 7 од Законот за железничкиот систем, со кои се докажува дека се исполнети условите за поседување и важноста на Дозволата за вршење на јавен железнички превоз Број 01. Согласно член 15 ставови (7) и (11) од Законот за железничкиот систем, Агенцијата на ден 23.06.2022 година до ЖРСМ Транспорт АД Скопје достави Финансиско покритие за одговорност од вршење дејност.

- Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор до Министерство за информатичко општество и адмнинистрација на ден 01.07.2022 година достави Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за Првото полугодие на 2022 година (Јануари-Јуни), согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

- Годишниот план за вработување за 2023 година, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го достави до Министерството за информатичко општество и администрација на ден 16.08.2022 година, согласно Законот за вработените во јавниот сектор.


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

- ЈП ЖРСМ Инфраструктура Скопје до Агенцијата на ден 23.09.2022 година достави Полиса за осигурување од одговорност. Агенцијата при извршениот увид во документацијата утврди дека ЈП ЖРСМ Инфраструктура Скопје ги достави потребните документи согласно членот 21 став (3) точка 6 од Законот за железничкиот систем, со кои се докажува дека се исполнети условите за поседување и важноста на Дозвола за управување со железничката инфраструктура број 08-21/15. Согласно 21 став (3) точка 8 од Законот за железничкиот систем, Агенцијата на ден 18.10.2022 година до ЖРСМ Транспорт АД Скопје достави Финансиско покритие за одговорност од вршење дејност.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Работилница на тема: Национална развојна стратегија - визионерски работилници, финансиран од UNOPS и Обединетото Кралство, која се одржа на ден 31.10.2022 година во Скопје.

- Претставник на Агенцијата во периодот 14-17.11.2022 година учествуваше на Работилница на тема 4-от железнички пакет, која се одржа во Тирана, Република Албанија.

- Агенцијата на ден 14.11.2022 година до Министерството за транспорт и врски достави мислење за Информацијата за реализација на мерките од Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта и Акцискиот план за безбедност на патиштата усвоени од Владата на Република Северна Македонија и Министерскиот Совет на Транспортната заедница.

- Агенцијата е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишна програма за работа и развој на Агенцијата за наредната година до 30 ноември во тековната година. Агенцијата на ден 17.11.2022 година до Собранието на Република Северна Македонија ја достави на одобрување Годишна програма за работа и развој за 2023 година на Агенцијата, усвоена од Управниот одбор на Агенцијата.

- Агенцијата на ден 30.11.2022 година до Министерството за транспорт и врски достави мислење по Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, Предлог на Закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и Предлог на Закон за основање на Агенција за истражување на несреќи и сериозни инциденти.


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

- Агенцијата на 23.12.2022 година достави свое Мислење во врска со Бизнис план за 2023 година, Инвестициони програми за 2023, 2024 и 2025 година, Финансиска програма за 2023 година, Тригодишен план за период од 2023-2025 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје.

- Агенцијата на 26.12.2022 година до Министерството за транспорт и врски достави свое Мислење во врска со Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензација на дел од загубите при давање на услугата за период 2023-2025.

- Агенцијата на ден 29.12.2022 година достави свое Мислење во врска со Мислење по Бизнис план за 2023 година, Инвестиционата програма за период 2023-2025 година, Финансиска програма за 2023 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје.

- Јавното претпријатие за железничка Инфраструктура Железници на Република Северна Македонија–Скопје на ден 29.12.2022 година до Агенцијата достави Објава на мрежа за 2023 година.

## 3.4. Меѓународна соработка

Во текот на 2022 година Агенцијата имаше неколку билатерални и мултилатерални средби со регулаторни тела и други учесници во железничкиот сектор од регионот и Европската унија и тоа:

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Регионална работилница TAIEX за железнички гранични премини во периодот од 07-08 март 2022 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на состанокот на Регулаторните тела за железница на Европската унија каде нашата Агенција е посматрач. Состанокот се одржа на ден 29.03.2022 година. Во текот на состанокот регулаторите го презентираа своето работење во минатиот период.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Пленарното Собрание на независната група на регулатори IRG-Rail кое се одржа во периодот од 24-25.05.2022 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на билатерална средба со Дирекцијата за железници на Република Србија, која ќе се одржи на 29.09.2022 година во Белград, Република Србија.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на 23-от Состанок на Европската мрежа на регулаторни тела за железници, кој се одржа на 14.11.2022 година преку видео конференциска врска.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Регионална работилница TAIEX за четвриот пакет за железници - ЕТТ 82014, која се одржи во периодот од 15-16.11.2022 година во Тирана, Република Албанија.

- Претставници на Агенцијата учествуваа преку видео конференциска врска на Пленарното Собрание на независната група на регулатори IRG-Rail кое се одржа во периодот од 15-16.11.2022 година.

- Претставници на Агенцијата учествуваа на Работилница за иницијативата за промовирање на меѓународниот товарен и патнички транспорт и поврзаниот проект за редизајнирање на возен ред на Генералниот директорат за мобилност и транспорт на ден 07.12.2022 година.


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

## 4. Контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и права на патниците и услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор согласно Законот за железнички систем врши контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници.

Почитувањето на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и правата на патниците, од страна на железничките превозници (во моментов Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, а претходно Македонски Железници Транспорт АД – Скопје), Агенцијата ги следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020 – 2022 година, склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД Скопје. Во Договор се дефинирани следните услуги:

1. Безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација;
2. Придржување и почитување на возниот ред;
3. Достапност на возовите за инвалидизирани лица и лица со намалена способност за движење, какао и даање на бесплатна помош;
4. Одржување на хигиена во возовите;
5. Истакнување на огласни табли за возен ред во чекалните и пероните;
6. Информации во текот на патувањето на патникот доколу технички е возможно (доцнење, услуги во возот, следна железничка станица, главни услуги за поврзување, сигурносни и безбедносни прашања);
7. Доколку железничката услуга не може да продолжи, се организира во најкраток можен рок алтернативна услуга за превоз на патниците;
8. Греење во возот за време на ниски надворешни температури во текот на годината;

9. Поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници и

10. Овозможување на продажба на билети во билетарници или апарати за продажба на билети и во воз.

Почитувањето на квалитетот на услугите кои **управителот на инфраструктурата** им ги обезбедува на железничките превозници (во моментов Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, а претходно Јавното Претпријатие Македонски Железници Инфраструктура – Скопје) се следи преку исполнувањето на услугите кои се утврдени во Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски за обезбедување и реализирање на финансиски средства наменети за железничката инфраструктура, склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје.

Утврдените услуги се:
- Точност;
- Сигурност;
- Пристап;
- Достапност;
- Состојба на пазарот и
- Надоместок за заситена инфраструктура.

Агенцијата оваа надлежност ја извршува преку добиените периодични извештаи од двете железнички компании и преку свои овластени лица на терен на лице место. Во текот на 2022 година Агенцијата спроведе контроли на квалитетот на услугите кои железничките превозници им го обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај како мониторинг за почитување на права на патниците и контрола на квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктура им ги обезбедува на железничките превозници во станиците Скопје, Велес, Градско, Прилеп, Битола, Неготино, Демир Капија, Гевгелија и Миравци.

Контролата се состои во утврдување на отстапување и непочитување на квалитетот на услугите кои железничкиот превозник им ги обезбедува на патниците во железничкиот сообраќај и контроли на квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктура им ги обезбедува на железничките превозници.


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

За констатираните недостатоци Агенцијата ги извести Железничкиот превозник и управителот на инфраструктура да ги преземат сите потребни мерки од нивна надлежност во насока за отстранување на истите.

Во однос на исполнување на критериумите за квалитет од страна на Јавно претпријатие Железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје (ЈП ЖРСМ – Скопје) за 2022 година до Агенцијата беа доставени следниве податоци:

**КРИТЕРИУМИ ЗА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ КОИ УПРАВИТЕЛОТ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ИМ ГИ ОБЕЗБЕДУВА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ПРЕВОЗНИЦИ**

| | **ТОЧНОСТ** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИКТ 1** | Однос на возовите за превоз на патници/барање и добивање/по број и категорија на возови | 37/37<br>-експресни 2/2<br>-брзи 4/4<br>-патнички 29/29<br>-локомотивски2/2 | 35/35<br>-експресни 2/2<br>-брзи 4/4<br>-патнички 27/27<br>-локомотивски 2/2 | 35/35<br>-експресни 2/2<br>-брзи 4/4<br>-патнички 27/27<br>-локомотивски 2/2 | 28/28<br>-експресни 0/0<br>-брзи 2/2<br>-патнички 25/25<br>-локомотивски 1/1 | 29/9<br>-експресни 0/0<br>-брзи 0/0<br>-патнички 29/29<br>-локомотивски 0/0 |
| **ИКТ 2** | Однос на возовите за превоз на товар/барање и добивање/по број и категорија на возови | 120/120<br>-меѓ.транз. 30/30<br>-меѓ.директ 22/22<br>-внат.дирек.13/13<br>-кружни 10/10<br>-локомотив. 42/42 | 106/106<br>-меѓ.транз. 36/36<br>-меѓ.директ 22/22<br>-внат.дирек.6/6<br>-кружни 10/10<br>-локомотив. 32/32 | 106/106<br>-меѓ.транз. 36/36<br>-меѓ.директ 22/29<br>-внат.дирек.6/6<br>-кружни 10/10<br>-локомотив. 32/32 | 117/117<br>-меѓ.транз. 33/33<br>-меѓ.директ 40/40<br>-внат.дирек2/2<br>-кружни 10/10<br>-локомотив. 32/32 | 126/126<br>-меѓ.транз. 32/32<br>-меѓ.директ 48/48<br>-внат.дирек2/2<br>-кружни 20/20<br>-локомотив. 22/22 |
| **ИКТ 3** | Максимална техничка брзина по делници | **100 км/час** | **100 км/час** | **100 км/час** | **100 км/час** | **100 км/час** |
| **ИКТ 4** | План за ремонти по инфраструктурата (вкупно време годишно) | 2920 часа | 2920 часа | 2920 часа | 2920 часа | 2920 часа |
| | **БЕЗБЕДНОСТ** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **ИКБ 1** | Вкупен број на вонредни настани | 97 | 81 | 63 | 45 | 39 |
| **ИКБ 2** | Вонредни настани по причинители на управителот на инфраструктурата( вкупно) | 4 | 11 | 11 | 4 | 15 |
| **ИКБ 21** | Товарни возови | 4 | 10 | 15 | 11 | 11 |
| **ИКБ 22** | Патнички возови | 0 | 1 | 9 | 5 | 8 |
| **ИКБ 3** | Нерегуларности при управување на движењето(број-годишно) | 5 | 7 | 6 | 9 | 4 |


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИКБ 4 | Број на излези од шини | 17 | 19 | 14 | 13 | 11 |
| ИКБ 5 | Годишна оценка на безбедноста од инспекторатот | - | - | - | - | |
| | **ПРИСТАП** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **ИКП 1** | Вкупен број на траси за пристап | 198 | 384 | 384 | 392 | 392 |
| **ИКП 11** | Товарни возови | 138 | 294 | 294 | 302 | 302 |
| **ИКП 12** | Патнички возови | 60 | 90 | 90 | 90 | 90 |
| **ИКП 2** | Барани траси | 157 | 148 | 171 | 230 | 151 |
| **ИКП 21** | Товарни возови | 120 | 115 | 139 | 184 | 122 |
| **ИКП 22** | Патнички возови | 37 | 33 | 32 | 46 | 29 |
| **ИКП 3** | Дадени траси по договор | 157 | 148 | 171 | 230 | 151 |
| **ИКП 31** | Товарни возови | 120 | 115 | 139 | 184 | 122 |
| **ИКП 32** | Патнички возови | 37 | 33 | 32 | 46 | 29 |
| **ИКП 4** | Исполнети траси | 150 | 143 | 167 | 228 | 145 |
| **ИКП 41** | Товарни возови | 115 | 112 | 139 | 184 | 122 |
| **ИКП 42** | Патнички возови | 35 | 31 | 28 | 44 | 23 |
| **ИКП 5** | Неисполнети траси по вина на управителот на инфраструктурата | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ИКП 51** | Товарни возови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ИКП 52** | Патнички возови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ИКП 6** | Неисполнети траси по вина на железничкиот превозник | 7 | 5 | 4 | 2 | 6 |
| **ИКП 61** | Товарни возови | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| **ИКП 2** | Патнички возови | 2 | 2 | 4 | 2 | 6 |
| | **ДОСТАПНОСТ** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **ИКД 1** | Пристапност на транспортни средства за инвалиди/број на возови/ | / | / | / | / | |
| **ИКД 2** | Можност за движење на инвалидизирани лица до и од станицата/број на станици/ | 9 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| | | | | | | |

| | СОСТОЈБА НА ПАЗАР | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИКЖП 1** | **Продуктивност** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **ИКЖП11** | Трошоци на воз км. (во денари) | 713.64 | 657.88 | 754,98 | 702,90 | 908.73 |
| **ИКЖП12** | Трошоци по железнички линии (во денари) | 1296562 | 1214865 | 1103109 | 1168752 | 1334489 |
| **ИКЖП13** | Субвенции на воз км. | / | / | / | / | / |
| **ИКЖП14** | Такса за достап на километар од линијата | 202.2 | 189 | 203 | 204 | 197.46 |
| **ИКЖП2** | **Состојба на активите** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **ИКЖП21** | Трошоци за ремонт на станични згради(000 ден) | / | / | 6090 | 6024 | 10733 |
| **ИКЖП22** | Искористеност на инфраструктурата/број планирани прекини/ | 8.3% | 15,62% | 16,15% | 13,24% | 11.21% |
| **ИКЖП23** | Прекини и задоцнувања по железничката линија после ремонт<br><br>( вкупно време) | Искористеноврemезаизвршувањенаремонт 241 часа. Задоцнувањенавозовипредизвиканоодпродолжензатворзаизвршувањенаремонт 1ч и 33 мин., а продолжувањеназатвротнапругапорадиремонтнаистатаима 2ч и 33мин., Вкупно 243.33 часа. | Искористеноврemезаизвршувањенаремонт 243часа. Задоцнувањенавозовипредизвиканоодпродолжензатворзаизвршувањенаремонт 1ч и 00мин.. | Планирано е 8 часа за ремонт, Извршување на ремонт нема ,Прекин и задоцнувања на возови нема | Планирано е да се работи секој ден | Ремонт на пругата Ногаевци-Неготино 362 часа |
| **ИКЖП3** | **Финансиска состојба** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **ИКЖП31** | Промена на трошоците (вкупен трошок – однос наредна во однос на претходна година ) | -17946 | -81697 | -93,728 | 65,643 | 165,737 |
| **ИКЖП32** | Добиено финансирање/долгови | | | | | |
| **ИКЖП33** | Приходи/трошоци | 0.71 | 0.72 | 0,71 | 0,74 | 0,89 |


АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

При анализа на критериумите утврдено е следното:

1. Точноста е на константно исто ниво низ годините.

2. Безбедноста изразена преку број на вонредни настани е на повисоко ниво во однос на 2021, во 2021 година имало 45 вонреден настан, додека во 2022 бројот е намален на 39. Она што е уочливо е дека е зголемен бројот на вонредни настани каде како причинител е управителот на инфраструктура.

3. Пристап кон железничката инфраструктура како критериум укажува дека инфраструктурата располага со слободни неискористени капацитети. Овој критериум укажува на потребата на отварање на пазарот.

4. Достапноста кон железничката инфраструктура за лица со посебни потреби со реновирање на железничките станици е на исто ниво како претходната година.

5. Состојбата на пазарот како критериум укажува дека искористеноста на инфраструктурата е намалена во 2022 на 11,21% во однос на 2021 кога изнесувал 13,24%, трошоците на воз се зголемени во 2022 година и изнесуваат од 908,73 денари во однос на 2021 кога изнесувале 703 денари.

6. Финансиската состојба како критериум укажува на минимално зголемување на вкупните трошоци во 2022 година во односна 2021 година. Коефициентот на економичностприходи/расходи е зголемен во однос на минатата година на 0,89 во 2021 година кога изнесувал 0,74.

### 4.1. Анкета за почитување на правата на патниците во превоз со железница

Во текот на 2022 година Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем, во ноември 2022 година спроведе Анкета за почитување на правата на патниците во превоз со железница. Целта на Анкетата беше добивање на информации за почитување на правата на патниците директно од самите патници – корисници на услугата.

Анкетата е спроведена врз база на репрезентативен примерок од 510 испитаници поделени во групи и тоа во воз на релација Скопје – Битола - Скопје и Скопје – Гевгелија - Скопје и на железничките станици во Скопје, Битола, Велес, и Гевгелија. Со оваа анкета се опфатени 2(две) од предвидените 4(четири) железнички линии во два правци. Железничките линии Скопје-Кичево/Кичево-Скопје и Скопје-Кочани/Кочани-Скопје не се

опфатени од објективни причини што во периодот на извршување на Анкетата двете линии не беа во функција.

Во понатамошниот дел од извештајот за одредени позначајни прашања поставени до патниците прикажан е преглед на одговорите на патниците по години:

1. Зошто ја користите железницата како превозно средство?

| ГОДИНА | Единствено превозно средство до Вашата дестинација | Ви одговара возниот ред | Цената на патувањето е поволна | Услугата е квалитетна | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 11% | 16% | 64% | 3% | 6% |
| 2011 | 7,80% | 18% | 70% | 0,20% | 3% |
| 2012 | 24% | 21% | 42% | 4% | 9% |
| 2013 | / | 27% | 51% | 1% | 19% |
| 2014 | 24% | 17% | 51% | 2% | 5% |
| 2015 | 26% | 20% | 43% | 4% | 7% |
| 2016 | 6% | 22% | 59% | 9% | 4% |
| 2017 | 1% | 5% | 90% | 2% | 2% |
| 2018 | 9% | 17% | 59% | 11% | 4% |
| 2019 | 10% | 26% | 55% | 6% | 3% |
| 2020 | 10% | 28% | 53% | 6% | 3% |
| 2021 | 12% | 31% | 46% | 9% | 2% |
| 2022 | 7% | 19% | 66% | 7% | 1% |

На следниот график се прикажани одговорите по прашања по календарски години:



2. Дали од железничкиот превозник сте информирани за Вашите права како патник?

| ГОДИНА | Целосно сум информиран | Делумно сум информиран | Не сум информиран |
|---|---|---|---|
| 2010 | 16% | 44% | 40% |
| 2011 | 14,40% | 38,40% | 46,40% |
| 2012 | 15% | 34% | 51% |
| 2013 | 12,22% | 36,87% | 50,90% |
| 2014 | 25% | 49% | 26% |
| 2015 | 27% | 48% | 25% |
| 2016 | 15% | 56% | 29% |
| 2017 | 2% | 76% | 22% |
| 2018 | 14% | 30% | 56% |
| 2019 | 7% | 38% | 55% |
| 2020 | 9% | 37% | 54% |
| 2021 | 5% | 41% | 54% |
| 2022 | 5% | 25% | 70% |

Дали од железничкиот превозник сте информирани за Вашите права како патник?



3. Дали Вашето патување започна на време?

| Дали Вашето патување започна на време? | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ГОДИНА | На време | Со задоцнување од 15 минути | Со задоцнување поголемо од 15 минути | Со задоцнување поголемо од 30 минути |
| 2010 | 43% | 27% | 15% | 15% |
| 2011 | 28,80% | 28,20% | 15,60% | 5% |
| 2012 | 82% | 14% | 4% | 0% |
| 2013 | 54,96% | 22,52% | 8,06% | 14,46% |
| 2014 | 86% | 12% | 2% | 0% |
| 2015 | 68% | 20% | 5% | 7% |
| 2016 | 82% | 14% | 3% | 1% |
| 2017 | 90% | 10% | 0% | 0% |
| 2018 | 75% | 8% | 16% | 1% |
| 2019 | 95% | 7% | 1% | 0% |
| 2020 | 85% | 13% | 2% | 0% |
| 2021 | 74% | 3% | 1% | 22% |
| 2022 | 75% | 7% | 1% | 17% |

Дали Вашето патување започна на време?



4. Дали возот е :

| Дали возот е: | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ГОДИНА | Означен | Осветлен | Загреан во зимски услови | Има ли доволен капацитет на седишта според потребите на патниците | Хигиена во вагоните | Хигена во санитарните јазли |
| 2010 | 2,83 | 3,20 | 2,36 | 2,22 | 1,79 | / |
| 2011 | 2,11 | 3,08 | 2,35 | 2,29 | 1,85 | / |
| 2012 | 3,15 | 4,63 | 3,14 | 3,40 | 1,99 | 1,27 |
| 2013 | 2,50 | 3,49 | 2,41 | 3,57 | 1,70 | / |
| 2014 | 3,87 | 4,43 | 3,46 | 2,95 | 2,56 | 1,83 |
| 2015 | 2,50 | 2,76 | 1,89 | 1,99 | 1,36 | 1,46 |
| 2016 | 3.56 | 3,63 | 2,97 | 2,83 | 2,30 | 2,19 |
| 2017 | 3,05 | 3,08 | 3,03 | 2,69 | 2,50 | 2,29 |
| 2018 | 4,34 | 4,82 | 3,28 | 3,59 | 2,77 | 2,41 |
| 2019 | 3,72 | 3,99 | 2,69 | 2,52 | 2,15 | 1,74 |
| 2020 | 3,20 | 3,47 | 1,79 | 2,80 | 1,91 | 1,64 |
| 2021 | 4,29 | 4,66 | 4,09 | 3,45 | 2,89 | 2,70 |
| 2022 | 3,89 | 4,17 | 3,78 | 2,79 | 2,61 | 2,52 |

Дали возот е :




АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

5. Дали сте запознати со постапката за жалба доколку не сте задоволен со услугата?

| Дали сте запознати со постапката за жалба доколку не сте задоволен со услугата? | | |
|---|---|---|
| ГОДИНА | ДА | НЕ |
| 2010 | 18% | 82% |
| 2011 | 15% | 85% |
| 2012 | 5% | 95% |
| 2013 | 17,25% | 82,75% |
| 2014 | 18% | 82% |
| 2015 | 16% | 84% |
| 2016 | 33% | 67% |
| 2017 | 49% | 51% |
| 2018 | 11% | 89% |
| 2019 | 5% | 95% |
| 2020 | 7% | 93% |
| 2021 | 3% | 97% |
| 2022 | 4% | 96% |



6. Како би ги оцениле стандардите за квалитет на услугите кои ги добивате при патување со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје?

| ГОДИНА | Како би ги оцениле стандардите за квалитет на услугите кои ги добивате при патување со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје? (од 1 до 5) |
|---|---|
| 2010 | 2,10 |
| 2011 | 2,10 |
| 2012 | 2,04 |
| 2013 | 2,40 |
| 2014 | 3,01 |
| 2015 | 2,44 |
| 2016 | 2,81 |
| 2017 | 2,62 |
| 2018 | 3,01 |
| 2019 | 2,73 |
| 2020 | 3,07 |
| 2021 | 3,23 |
| 2022 | 2,76 |

Како би ги оцениле стандардите за квалитет на услугите кои ги добивате при патување со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје? (од 1 до 5)



**Со Анкетата се оценети стандардите за квалитет на услугите кои ги добиваат патниците при патување со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со оценки од 1 до 5.

Според анализата на одговорите на ова прашање може да се заклучи дека патниците укажуваат на потребата за подобрување на "стандардите за квалитет на услуги кои ги добиваат при патувањето". Треба да се напомене дека оценката на ова прашање зависи и од времето во кое е даден одговорот т.е. дали во возот има место за седење или нема, дали линијата на која се прави анкетата е во работен ден или викенд, дали возот е затоплен или не, итн.

*Средна оценка на прашањето е намалена и изнесува 2.76 во 2022 година во однос на 2021 кога била 3,23, што е дирекна последица од укинувањето на возови.

* Патниците кои ја користат железницата како прв услов и приоритет за нив е економскиот аспект и ниската цена на овој превоз.

* Патниците кој патуваат во новите композиции значително повеќе се информирани од оние патници кој ги користат старите композиции.

* Патниците се задоволни од точноста на возовите и почитувањето на возниот ред при тргнување на возовите. Иако мора да се напомене дека имаат бројни забелешки за неможноста и потешкотиите да дојдат до информациите за возниот ред, како начинот за пристапност до истиот (неможноста телефонски да ги добијат информаторите, немање интернет систем за навремено јавување и известување, неточни и неажурни информации).

* Возовите по сите линии се со незначителен пад оценети по критериумите за „осветлени", „означени" и „загреани во зимски услови".

*Хигената во вагоните и санитарните јазли сеуште е на незадоволително ниво, а проблемот со местата за седење на сите линии е основен проблем на патниците.

* Во делот на железничките станици, патниците имаат жалби во однос на пристапот и непоркиеноста на пероните особено изразено во врнежливи и ладни денови.

* Бројот на патници кој се запознаени или недоволно се запознаени со "постапката за жалба доколку не сте задоволни со услугата" е намален.

Ова покажува дека е неопходно подобро и навремено информирање на патниците за нивните права, постапката за жалба пред и за време на патувањето.

* Патниците укажуваат на потребата за подобрување на стандардите за квалитет на услугите кои ги добивате при патување со железница.

Како главни забелешки и коментари од патниците, ги издвојуваме следниве:

1. Немање информација во случај на дефект на возовите во текот на патувањето;
2. Повеќе вагони (во ударни денови и викенд);
3. Нови возови (да се обноват превозните средства);
4. Хигиена (во самите возови, санитарни јазли и железничките станици);
5. Издавање/продажба на билети во број колку што има слободни места во возот;
6. Можност за резервација на билети неколку дена претходно со нумерација по седиште и
7. Електронско купување на карти.


ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

## 5.Состојба на пазарот на железничките услуги во Република Северна Македонија за 2022 година

### 5.1. Состојба на пазарот на железничкиот товарен сообраќај

Во текотна 2022 година како резултат на светска економска криза дојде до намалување на обемот на железничкиот сообраќај.

Анализата на податоците за состојбата во железничкиот товарен сообраќај покажува дека во 2022 година обемот на превоз е 1.372.259 тони што претставува намалување на обемот на превоз во однос на 2021 година кога обемот на превоз е 1.934.130 тони.

Обемот на превоз во товарниот железнички сообраќај е прикажан преку следниве табели и графикони:

**Табела 1 - Обем на превезена стока (000 тони)**

| година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| превезенитони ( 1000) | 1557 | 1679 | 1839 | 1749 | 1934 | 1372 |

**Графикон 1 - Обем на превезена стока (000 тони)**



**Табела 2 - Остварени возни километри во товарниот сообраќај (000)**

| година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Остварени возни км во товарен сообраќај изразени во 1000 | 507 | 589 | 572 | 561 | 623 | 489 |

**Графикон 2 - Остварени возни километри во товарен сообраќај (000)**




Остварените возни километри претставуваат основа за пресметување на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, кој управителот на инфраструктурата им го наплаќа на превозниците. Возните километри во товарниот сообраќај кои превозникот ги остварил во 2021 година изнесуваат 632.821 км додекаво 2022 година иизнесуваат 488,659 км што укажува на намален обем на превозот.

Состојбата на железничкиот товарен сообраќај во Република Северна Македонија во 2022 година е претставена преку податоците на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

Табела 3 - Структура и обем на стоки превезени со железница (тони)

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделски производи, производи од лов и шумарство, риби и други производи од риболов | 849 | 864 | 550 | 350 | 460 |
| Јаглен и лигнит, сурова нафта и природен гас | 34.768 | 19.118 | 33.323 | 43287 | 12.343 |
| Метални руди и други производи на рударството и вадењето камен, тресет, уранова и ториумова руда | 120.345 | 126.559 | 61.443 | 170177 | 57.044 |
| Прехранбени производи, пијалаци и тутунски производи | 88.869 | 46.328 | 38.578 | 28833 | 10.283 |
| Текстил и текстилни производи, кожа и кожни производи | 2.999 | 1.777 | 781 | 460 | 199 |
| Дрво и производи од дрво и плута (освен мебел), предмети од слама и плетарски материјали, целулоза, хартија и производи од хартија, материјали за печатење и снимени записи | 90.184 | 89.914 | 74.313 | 71563 | 37.624 |
| Кокс и производи од рафинирање на нафта | 131.392 | 190.772 | 187.311 | 145437 | 143.114 |
| Хемикалии, хемиски производи, вештачки и синтетички влакна, производи од гума и пластични маси, нуклеарни | 114.356 | 110.080 | 77.797 | 122424 | 107.010 |
| Други неметални минерални производи | 20.140 | 13.206 | 4.961 | 4125 | 2.780 |
| Основни метали, произведени метални производи, освен машини и постројки | 551.634 | 604.996 | 486.005 | 573703 | 401.605 |
| Машини и постројки, неспомнати на друго место, канцелариски машини и компјутери електрични машини и апарати, неспомнати на друго место, радија, телевизори и комуникациски постројки и апарати, медицински, прецизни и оптички инструменти, часовници и рачни часовници | 7.999 | 3.611 | 1.620 | 1701 | 1.526 |
| Транспортни средства | 4.738 | 3.292 | 934 | 6236 | 4.428 |
| Мебел,др. произведена стока, неспомната на друго место | 307 | 463 | 518 | 508 | 55 |
| Секундарни суровини, комунален отпад и друг отпад | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Поштенски пратки | 0 | 0 | 0 | 0 | |


АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
ул. св. Кирил и Методиј бр. 52-1/4
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.факс +389 2 3220 407; web site: www.arpz.mk; email: arpz@arpz.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опрема и материјали кои се користат во транспортот на стоки** | **489.807** | **607.318** | **748.160** | **779027** | **632,482** |
| **Пренесување на стоки заради преселување на домаќинства и канцеларии, пренесување на багаж одвоено од патниците, пренесување на возила за поправка, други непродажни стоки, неспомнати на друго место** | 574 | 913 | 629 | 682 | 2,803 |
| **Групирани стоки, мешани видови на стоки кои се транспортираат заедно** | 246 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Неидентификувани (неодредени) стоки, стоки кои поради некоја причина не можат да бидат идентификувани и не можат да бидат распоредени во групите од 01 до 16** | 1.710 | 2.100 | 1.143 | 1151 | 728 |
| **Други стоки, неспомнати на друго место** | 18.075 | 17.604 | 30..897 | 5753 | 2479 |
| ***Вкупно превезена стока со железница, тони*** | **1.678.992** | **1.838.888** | **1.748.961** | **1.934.130** | **1,372,259** |

Анализата на структурата на стоката која се превезува со железница во 2022 година покажува дека железницата најмногу се користи за превоз на производи и суровини од страна на компаниите кои стопанисуваат во метало - преработувачката индустрија, рударството и транспортот. Истовремено, најголемиот дел од превозите е во меѓународниот превоз на стока и тоа стока во увоз и извоз и стока која транзитно минувала низ Република Северна Македонија.

## 5.2. Состојба на пазарот на железничкиот патнички сообраќај

Патничкиот сообраќај во 2022 година бележи зголемување на бројот на превезени патниците на 405,507 во однос на 2021 година кога се превезени 252,218 патници. Истовремено, возни километри во патничкиот сообраќај во 2022 година изнесуваат 857.340 додека во 2021 година изнесувале 891,749 вкм.

Обемот на превоз во патничкиот железнички сообраќај е прикажан преку следниве табели и графикони:

**Табела 4 - Превезени патници**

| година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на превезени патници | 500332 | 540066 | 549062 | 253058 | 252218 | 405507 |

**Графикон 4 - Превезени патници**




**Табела 5 - Остварени возни километри во патнички сообраќај (000)**

| година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Остварени возни км во патнички сообраќај изразени во 1000 км | 1256 | 1288 | 1136 | 886 | 891 | 857 |

**Графикон 5**

**- Остварени возни километри во патнички сообраќај (000)**




Состојбата на железничкиот патнички сообраќај во Република Северна Македонија во 2022 година е претставена преку податоците на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

## 6. Извештај за финансискиот план и финансиски извештај за 2022 година на Агенцијата

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор согласно член 108 од Законот за железничкиот систем своето работење го финансира од средствата остварени од годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги, и тоа од управителот на железничката инфраструктура и железничкиот оператор – превозник. Агенцијата како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Закон има и целосна финансиска независност, кое е еден од предусловите за целосно функционирање како независно регулаторно тело.

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и составувањето и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации, Правилникот за сметководство за непрофитните организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данок од добивка, Законот за персоналниот данок од доход и други прописи кои го регулираат и уредуваат финансиското и сметководствено работење.

Финансиското работење се темели на ресурсите, потребите и мисијата на Агенцијата кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем и активностите дефинирани со Годишната програма за работа и развој, во која составен дел е и финансискиот план.

Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2022 година, е одобрена од Собранието на Република Северна Македонија на ден 05.04.2022 година.

Финансискиот план кој е составен дел на Годишната програма за работа и развој за 2022 година во приходниот дел е реализиран со 84%, а расходниот дел е реализиран со 31%. Слабата реализација во однос на финансискиот план, во расходниот дел, се должи на спроведување на мерки за штедење за излез од продлабочената економска криза во државата.

## 6.1 РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Во 2022 година Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се финансираше исклучиво од наплата на годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги и тоа од управителот на железничката инфраструктура и железничкиот превозник. Начинот на пресметка и наплата на годишната такса е дефиниран во членот 108 од Законот за железничкиот систем, односно годишната такса изнесува 1,5 % од остварениот годишен надоместок за користење на железничката инфраструктура. Управителот на инфраструктурата и превозникот се должни да ја платат таксата на два еднакви дела најдоцна до 31 Март и 30 Септември.

Во 2022 година Агенцијата реализира вкупен приход од 18.062.233,00 денари што е 84% од планираниот приход, кој во однос на 2021 година е поголем за 17% што се должи на подобрената наплата на такса од минати години. Приходот на Агенцијата се состои од:

- Наплатена годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2022 година во износ од 1.600.204,00 денари наплатен од Јавното претпријатие за железничка Инфраструктура Железници на Република Северна Македонија–Скопје;
- Наплатена годишна такса за регулирање на пазарот на железничките услуги од минатите години во износ од 6.038.328,00 денари кој се однесува на такса за 2020 година на ЖРСМ Транспорт АД–Скопје и дел од 2021 година;
- Пренесен приход од 2021 година во 2022 година износ од 10.423.701,00 денари.

Годишната такса за регулирање на пазарот на железничките услуги за 2022 година беше утврдена на износ од 5.334.014,00 денари, за што беа изготвени и доставени решенија за наплата до учесниците во железничкиот систем. Од овој износ со 30%, односно 1.600.204,00 денари беше задолжена ЈП ЖРСМ-Скопје, а со 70%, односно 3.733.810,00 денари беше задолжена ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.

Во поглед на редовноста на наплатата на побарувањата на Агенцијата од управителот на железничката инфраструктура и железничкиот превозник состојбата е следна:

- Во рамки на законските рокови од страна на ЈП Ж РСМ–Скопје извршена е целосна уплата на таксата за 2022 година во износ од 1.600.204,00 денари, со што на 31 декември 2022 година нема ненаплатени побарувања.
- Поради тешката финансиска состојба ненаплатените побарувања од ЖРСМ Транспорт АД–Скопје на 31.12.2022 година изнесуваат 4.799.851,00 денари и тоа: дел од такса за 2021 година во износ од 1.066.041,00 денари и годишна такса за 2022 година во износ од 3.733.810,00 денари.

## 6.2 РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

Вкупно реализираните расходи по оданочување на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година изнесуваат 6.545.930,00 денари што претставува реализација од 31% од финансискиот план. Во споредба со 2021 година, вкупните расходи на Агенцијата за 2022 година се поголеми за 30%. Зголемената реализација, во однос на 2021 година се должи на тоа што програмата за работа на Агенцијата за 2021 година беше усвоена и одобрена во месец декември поради непотполнет состав на Управниот Одбор, како и спроведување на мерките за штедење поврзани со пандемијата со COVID 19 и зголемената цена на вкупните трошоци поради зголемената стапка на инфлација.

### РАСХОДНА СТАВКА 400 – ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Средствата кои беа реализирани во рамките на оваа ставка во износ од 166.677,00 денари се за 31% помали во однос на 2021 година додека реализацијата во однос на финансискиот план изнесува 23%. Овие средства беа наменети за канцелариски материјали, претплати за списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, алат, водовод и канализација и слично. Намалената реализација на оваа ставка се должи на спроведените мерки за штедење во Агенцијата за справување со продлабочената економска криза и зголемената стапка на инфлација. Годишниот финансиски план изнесуваше 725.000,00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 401 – ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА

Во оваа ставка беа предвидени 305.000,00 денари за подмирување на трошоците за потрошена електрична енергија, а се реализираа вкупно 149.416,00 денари, односно 49% од финансискиот план. Во однос на 2021 година, и покрај спроведените мерки на штедење, реализацијата во оваа година е поголема за 21% што се должи на поскапувањето на електричната енергија.

### РАСХОДНА СТАВКА 402-ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Во оваа ставка беа предвидени 100.000,00 денари за одржување на деловниот простор и опремата, односно реализација од 7% од планот или 7.180,00 денари. Во однос на 2021 година овие трошоци се поголеми за 1.180,00 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 403 - ДРУГИ УСЛУГИ

Средствата кои беа планирани за оваа ставка на расходи изнесуваа 1.180.000,00 денари, од кои реализирани се 355.837,00 денари, односно 30% од планот и 15% помалку во однос на 2021 година. Овие средства беа наменети за услуги за одржување на хигиена, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поштенски услуги, фиксна и

мобилна телефонија, услуги за копирање, печатење, претплата за службен весник, и за други услуги. Намалената реализација на оваа ставка се должи на спроведените мерки за штедење во Агенцијата за справување со продлабочената економска криза и покачената стапка на инфлација.

**РАСХОДНА СТАВКА 404 – ПРЕВОЗНИ – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ**

Агенцијата не располага со службено возило, поради што со Годишниот финансиски план на Агенцијата за 2022 година беа испланирани средства за превозно-транспортни услуги за потребите на вработените, при извршување на своите работни задачи во вкупен износ од 25.000,00 денари. На оваа ставка во 2022 година беа реализирани 1.379,00 денари односно 6% од финансискиот план. Во 2021 година ваков вид на трошок не беше реализиран.

**РАСХОДНА СТАВКА 405 - ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА, ПРОПАГАНДА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА**

За реклама, пропаганда и репрезентација беа планирани 130.000,00 денари, од кои реализирани се 20% односно 26.120,00 денари, односно поголема реализација за 10.465,00 денари во однос на 2021 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 409 – ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ**

За други материјални расходи Агенцијата имаше предвидено финансиски план од 45.000,00 денари. Во текот на 2022 година не се реализирани расходи за други материјали.

**РАСХОДНА СТАВКА 410 – ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ**

Износот на реализирани средства за провизија за платен промет изнесуваа 25.759,00 денари, односно 52% од финансискиот план и за 14% повеќе во однос на 2021 година. Зголемувањето се должи на поскапување на банкарските услуги. Планираниот износ на средства за 2022 година изнесува 50.000,00 денари.

**РАСХОДНА СТАВКА 412 – ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

За осигурување Агенцијата во 2022 година предвиде финансиски средства во износ од 50.000,00 денари. Во текот на 2022 година беа реализирани 8.994,00 денари, кој во однос на 2021 година е поголем за 50,00 денари, односно реализацијата на фнансискиот план изнесува 18%. Агенцијата врши осигурување на средствата со кои располага и деловниот објект.

**РАСХОДНА СТАВКА 413 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА**

-Од вкупно планираните 1.100.000,00 денари, за оваа расходна ставка во 2022 година беа реализирани 105.195,00 денари за трошоци за службен пат во земјата и странство, односно 10% од финансискиот план. Зголемената реализација во 2022 година се должи на слабата реализација во 2021 година и здравствените мерки кои беа превземени за спречување на ширењето на пандемијата со COVID 19. Во 2022 година беше спроведено едно патување во странство и повеќе патувања во земјата заради контрола на квалитетот на услугите што ги нудат управителот ЈП Ж РСМ–Скопје, и превозникот ЖРСМ Транспорт АД–Скопје.

**РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА РАБОТНИЦИ**

Планираниот износ на оваа расходна ставка изнесува 728.000,00 денари. Реализација во 2022 година на оваа ставка изнесува 674.801,00 денари односно 93% од планираните средства, кои во однос за 2021 година се зголемени за 277%. Зголемената реализација во 2022 се должи на исплата на надоместоци на вработените утврдени со Колективен договор по основ на регрес за годишен одмор, јубилејна награда и новогодишен надоместок за 2022 година како и исплата на обврски по Колективниот договор за неизмирен регрес и новогодишна награда за 2019 и 2020 и неисплатен дел од новогодишна награда за 2021 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ**

Износот на реализирани средства за оваа ставка за 2021 година изнесува 1.654.193,00 денари односно 30% од планираните. Со финансискиот план за 2022 година на оваа ставка беа предвидени 5.537.000,00 денари. Во текот на 2022 година беа реализирани повеќе обуки на вработените, ревизија на финансиските извештаи, адвокатски услуги, ангажирање на информатичар за оддржување на веб страната на Агенцијата согласно Закон и записник од Агенцијата за заштита на лични податоци, истражување на пазар, надомест на трошоци за членови на Управен Одбор, стручни договорни услуги во кои се вклучени ангажирање на овластен сметководител, стручно лице за спроведување на јавни набавки и консултант за имплементирање и прилагодување на законодавството на Европската Унија во областа на железничкиот сектор. Оваа ставка во однос на 2021 година е поголема за 22%. Зголемувањето се должи на конституиран комплетен Управниот одбор од месец август 2021 година, кој се состои од претседател и два члена, кој работеше во полн состав во текот на целата 2022 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 418 – ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ**

За оваа расходна ставка беа предвидени средства во износ од 170.000,00 денари. Во текот на годината за објава на огласи потрошени се средства во износ од 20.094,00 денари. Споредбено со 2021 година трошоците се поголеми за 18.916,00 денари заради објава на огласи за спроведени тендери и објава на огласи за избор на Директор на Агенцијата.

**РАСХОДНА СТАВКА 441 – СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА**

За набавка на опрема Агенцијата имаше предвидено финансиски план од 4.950.000,00 денари од кои реализирани се 304.269,00 денари односно 6% од планот и зголемена реализација во однос на 2021 година за 255.744,00 денари. Согласно усвоената програма за работа и развој на Агенцијата за 2022 година, Планот за јавни набавки а воедно и поради технолошката застареност на компјутерската опрема Агенцијата спроведе јавна набавка за набавка на компјутерска опрема.

**РАСХОДНА СТАВКА 460 - ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ**

